РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1985/1
18-05-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-2283/1 од 27.08.2024 година, против лицето -----, в.д. директор на Управата за --------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди прекршок на член 56 став (2) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и по спроведена прекршочна постапка нема елементи за натамошно постапување.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-2283/1 од 27.08.2024 година е оформен врз основа на пријава од анонимен подносител во која се изнесуваат наводи за судир на интереси.

Во пријавата се наведува дека од страна на Владата на Република Северна Македонија две лица кои се во крвно сродство од прв степен се именувани на функција, и тоа лицето -------- е именувано за в.д. директор на Управата за -------, орган во состав на Министерството за ----, а од страна на истиот колективен орган, Владата на РСМ, на непознат датум, на позицијата Советник за млади ----------- вработено е лицето Столе Пандов, видно од објавите на социјалните медиуми на именуваниот, како и од објавите на други електронски медиуми.

Во пријавата исто така се наведува дека лицата ------ и -------- се во крвно сродство од прв степен, односно се во семеен однос родител – дете и согласно со тоа истите спаѓаат во категоријата блиски лица.

Заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до службеното лице --------- и до релевантни институции, по што го утврди следното:

Лицето ------- е именувано лице за вршење на функцијата советник за млади од страна на Претседателот на Владата на РСМ со Решение бр.08-1102/1 од 05.07.2024 година, додека пак лицето -------- е именувано од страна на Владата на РСМ за вршење на функцијата --------- за извршување на санкциите, сметано од 02.07.2024 година и истото живее на иста адреса со неговиот син.

Лицето ------ со писмен допис ја извести ДКСК дека не живее во заедничко домаќинство со својот син -------, дека живее сам на адреса ул. ----------, Скопје, а преку писмен допис ја извести ДКСК дека неговиот син се вика --------.
ДКСК направи проверка во поднесената Изјавата за имотна состојба и интереси и пријавување промена на имотна состојба и интереси со бр.А0801-1721, поднесена на ден 25.07.2024 година, при што утврди дека лицето ------- во делот на интересите го нема пријавено блиското лице (син) дека е именувано за вршење на функцијата советник за млади што е спротивно на член 56 став 2 од Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

По утврдувањето дека лицето ------- е исто со лицето --------, блиско лице (син) на ----------- и согласно евиденцијата во МВР, произлезе дека двајцата живеат на иста адреса. Од тие причини, ДКСК согласно со член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 47 став 1 од Законот прекршоците спроведе постапка за порамнување и на лицето ------, в.д. директор на Управата за извршување на санкциите во два наврати му достави Записник за констатиран прекршок бр. 09-728/11 од 18.06.2025 година и беше издаден Прекршочен платен налог број 09-728/12 од 18.06.2025 година, по што истите беа вратени до ДКСК со назнака ИЗВЕСТЕН/НЕ ПОБАРАЛ, што се смета за уредна достава.

Имено, сторителот е уредно известен, видно од Повратницата за достава на пратка со бр. RD005442521MK и коверт каде е наведено дека е направен обид за достава на ден 15.07.2025 година, а пратката е вратена со назнака НЕ ПОБАРАЛ на ден 25.07.2025 година.
Исто така, во вториот обид за достава на Записник за констатиран прекршок и Прекршочен платен налог до лицето --------, видно од Повратница за достава на пратка со бр.RD012881948 од 16.09.2025 година, вратена е пратка со назнака НЕ ПОБАРАЛ на ден 26.09.2025 година.

Со оглед на тоа дека постапката за порамнување не беше успешно спроведена, ДКСК достави Барање за поведување прекршочна постапка со бр. 09-728/13 од 01.10.2025 година до Прекршочната комисија при ДКСК.

Прекршочната комисија при ДКСК достави Решение со бр.09-728/14 од 09.12.2025 година до ДКСК со кое ја известува дека на лицето --------- му е изречена Прекршочна санкција – ГЛОБА во износ од 300 евра (триста евра) во денарска противредност од 18.458,00 денари.

Во врска со наводите од пријавата кои се однесуваат на тоа дека двете горенаведени блиски лица се именувани од страна на ист орган, од страна на Владата на РСМ, ДКСК утврди дека истото не е во спротивност со одредбите од ЗСКСИ.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на одлучи како во диспозитивот.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. - член